**Градоначалникот на Општина Охрид распишува**

# ЈАВЕН ПОВИК

**За прибирање на барања и интерес за финансиска поддршка и кофинансирање од Општина Охрид за 2021 година на спортски клубови, спортски здруженија, спортски манифестации, индивидуални спортисти, други правни лица од областа на спортот, граѓански здруженија, образовни институции и поединци поврзани со развојот и унапредувањето на спортот и вредностите на спортот на територијата на општина Охрид.**

## Предмет на Јавниот повик

Согласно Одлуката на градоначалникот за подготовка и утврдување на буџетот на Општина Охрид за 2021 година, градоначалникот на Општина Охрид го распишува овој јавен повик за прибирање на барања и интерес за финансиска поддршка и кофинансирање од Општина Охрид во областа на спортот за 2021 година. Со ваквиот начин на поддршка, Општина Охрид се обидува уште при утврдувањето на буџетот за 2021 година да ја изрази својата подготвеност за поддршка и развој на еден од најважните социјални елементи на нашето општество, спортот. Спортот и неговата врска со образованието, здравството, социјалата, економијата, туризмот, животната средина, промоцијата и афирмацијата на градот ни дава за право, но и обврска да направиме максимум напори за да се поддржи и помогне целокупниот негов развој. Придобивките и ефектите на спортот врз секоја индивидуа и целиот град се основа за нашата максимална посветеност во унапредувањето на нашиот јавен и општествен интерес на градот.

## Приоритети :

1. Развој и поддршка на масовниот и рекреативниот спорт ;

2. Психофизички развој;

3.Социјална инклузија ;

4.Економски развој ;

5. Заштита на животната средина и

6.Афирмација и промоција на градот Охрид .

**Право на учество**

Право на учество на Јавниот повик имаат:

Спортски клубови, спортски здруженија (сојузи и асоцијации), индивидуални спортисти, други правни лица од областа на спортот, училишни спортски клубови и сојузи, спортски школи, образовни институции и граѓански здруженија чиешто регистрирано седиште односно живеалиште се наоѓа на подрачјето на општина Охрид и спортски федерации и клубови чиешто регистрирано седиште не се наоѓа на подрачјето на општина Охрид, но имаат соработка со локален спортски правен субјект (потпишан договор за соработка) за реализацијата на проектот, активноста или манифестацијата.

**Потребни документи за учество на правни субјекти :**

1. Тековна состојба од Централен регистар не постара од 6 (шест) месеци ;
2. Решение за вршење дејност - спорт од Агенција за млади и спорт (за спортски клубови) ;
3. Уверение од Управа за јавни приходи за платени даноци и придонеси не постаро од 6 (шест) месеци ;
4. Пополнета пријава согласно Јавниот повик ;
5. Потврда од надлежан орган дека врз правното лице не е отворена стечајна или постапка за ликвидација, не постара од шест месеци ;
6. Годишна програма за работа на правниот субјект или план и програма за реализација на спортската манифестација или активност ;
7. Изјава дека на крај од тековната година за која се добила поддршката ќе се достави комплетен финансиски извештај за добиените финансиски средства и
8. Изјава за преземање одговорност за организација .

**Потребни документи за учество на физички лица:**

1. Пополнета пријава согласно Јавниот повик ;
2. Копија од лична карта или патна исправа ;
3. Кратка биографија ;
4. Годишна програма ;
5. Потврда за поддршка од соодветниот клуб издадена од соодветна спортска федерација или сојуз ;
6. Изјава дека на крај од тековната година за која се добила поддршката ќе се достави комплетен финансиски извештај за добиените финансиски средства и
7. Банка и трансакциска сметка .

**Рок и начин за пријавување**

Горенаведената документација целосно пополнета се доставува во оригинал или копија.

Доколку документацијата се доставува во копија, веродостојноста на секоја страница ја потврдува подносителот на барањето со свој потпис и печат за правни лица или само потпис за физички лица.

Секоја пријава која нема да биде комплетна согласно горенаведените потребни документи ќе биде отфрлена како невалидна.

Пријавите треба да се достават до Општина Охрид преку пошта на адреса :

**Општина Охрид**
**ул: „ Димитар Влахов “ бр. 57, 6000 Охрид**
**или да се остават во архивата на Општина Охрид заклучно со 13.00 часот последниот ден од Јавниот повик.**

**Пример како треба да се адресира доставениот коверт:**

**„ Не отворај “**

**Прибирање на барања и интерес за финансиска поддршка и кофинансирање од Општина Охрид за 2021 година**

**Општина Охрид**
**ул. „ Димитар Влахов“ бр.57**
**6000 Охрид**

1. До Општина Охрид
2. За Јавен повик „**Прибирање на барања и интерес за финансиска поддршка и кофинансирање од Општина Охрид за 2021 година**“

Барањата согласно Јавниот повик ги разгледува комисија формирана од градоначалникот на Општина Охрид.

Детални насоки за подготовка на Јавниот повик, изборот на комисијата, правилникот за избор, критериумите за евалуација на пријавите и одлуката по истиот можете да најдете на веб-страницата на Општина Охрид, **www.ohrid.gov.mk.**

Подносителите ќе бидат известени за резултатите од изборот.

Подносителите чие барање е отфрлено имаат право да побараат да бидат известени за причините на отфрлањето.

Против одлуката на комисијата, незадоволниот барател може да поднесе писмен приговор преку архивата на Општина Охрид во рок од пет дена по објавувањето на резултатите на Јавниот повик.

Приговорот се поднесува до комисијата, а по истиот одлучува градоначалникот на Општина Охрид, во рок од пет дена од приемот на писмениот приговор.

Одлуката на градоначалникот на Општина Охрид е конечна.

**НАПОМЕНА:**

**Доколку добиете финансиски средства од буџетот на Општина Охрид, имате обврска на сите материјали (печатени и електронски) што ќе бидат продуцирани во рамките на спортската манифестација/настан на видно место да стои:**

**Поддржано од**
**Општина Охрид**

Критериуми при одлука на комисијата

МАНИФЕСТАЦИИ:

1.Традиција на манифестација / настан ;

2.Број на учесници ;

3.Ранг на натпреварување (локален,  национален, меѓународен ранг ) ;

4.Организациска структура ;

5.Временски период на одржување (денови на организација) ;

6.Организирање вон туристичката сезона во Охрид (освен настани каде покровител е Општина Охрид)  и

7.Број на настани во текот на годината .

СПОРТИСТИ:

1.Членство во клуб со седиште во Охрид и потврда од соодветна федерација ;

2.Учество на меѓународни и државни натпревари ;

3.Ранг на натпреварување   и

4.Членство во репрезентација .

СПОРТСКИ КЛУБОВИ И ЗДРУЖЕНИЈА:

1.Ранг на натпреварување ;

2.Активни членови (по категории) ;

3.Учество во соодветна лига на натпреварување ;

4.Членови на клубот кои учествувале во национални селекции (по категории) ;

5.Учество на клуб и поединец на меѓународен натпревар ;

6.Организација на човечки ресурси ;

7.Финансиски извештај за користење финансиски средства од Општина Охрид за изминатата година ;

8.Решение од Централен регистар ;

9.Решение за вршење дејност спорт издадено од АМС ;

10.Да го поттикнува и унапредува соодветниот спорт ;

11.Да поттикнува постигнување на врвни резултати и

12.Да го унапредува и развива масовниот и рекреативниот спорт .